УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 110 став 1 точка 8 и член 173 став 1 и 2 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24) и член 55 став 1 точка 8 од Статутот на Градежниот факултет во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 441/19), Наставно - научниот совет на Градежниот факултет на 540. седница одржана на 27.8.2024 година, ја донесе следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 02-2/153-279
11-09-2024 год.

# ОДЛУКА

## за избор во наставно – научно звање редовен професор

1. Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, врз основа на оценката во Рефератот на рецензионата комисија објавена во Билтенот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1310 од 1.07.2024 год., го избра **д-р Игор Пешевски**, вонреден професор на Градежниот факултет во Скопје, во наставно-научното звање РЕДОВЕН ПРОФЕСОР од наставно-научната облас: Геотехника - 2.01.01.03, согласно Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области), „Службен весник на РСМ" бр. 91/2024), на Градежниот факултет во состав на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Проф. д-р Игор Пешевски со изборот заснова редовен работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

2. Одлуката со целокупната документација се доставуваат до Сенатот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, за потврдување на изборот во предложеното звање.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

На конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од горенаведените наставно-научни области, објавен од страна на Градежниот факултет во дневните весници *Нова Македонија* и *Коха* на 6.6.2024 година, се пријави проф. д-р Игор Пешевски.

Наставно - научниот совет на Факултетот, изјаснувајќи се по предлогот на Рецензентската комисија содржан во Рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, донесе Одлука како во диспозитивот на истата.

Декан
Проф. д-р Горан Марковски

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје * Република Северна Македонија * ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

*Прилог:*
- Одлука за формирање на Рецензентска комисија
- Одлука за избор во вонреден професор
- Копија од дневните весници во кои е објавен конкурсот
- Извештај објавен во Универзитетскиот Билтен бр. 1308 од 1.06.2024г.

*Доставено до:*
- Сенат на УКИМ
- Проф. д-р Игор Пешевски
- Досие
- Архива